27138

ВЕЧЕР, ☆ 22 декември 1980 година
5432,10,

КУЛТУРА ● УМЕТНОСТ ● ОБРАЗОВАНИЕ ● КУЛТУРА ● УМЕТНОСТ ● ОБРАЗОВАНИЕ ●

# Пролонгирање на ликовната замреност

**● БЕШЕ ПРЕДВИДЕНО РЕНОВИРАЊЕТО НА ДАУТ-ПАШИНИОТ АМАМ ВО СКОПЈЕ, ВО ЧИИ ПРОСТОРИИ СВОЈАТА ДЕЈНОСТ ЈА ОДВИВА УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА ДА ТРАЕ СЕДУМ-ОСУМ МЕСЕЦИ, НО ТОА Е ПРОЛОНГИРАНО ЦЕЛИ ТРИ ГОДИНИ**

**Во изминативе три години ликовниот живот во главниот град на нашата Република е значително осиромашен поради сопирањето на изложбената дејност на Уметничката галерија предизвикано од реновирањето на Даут-пашиниот амам во чии простории се одвива дејноста на Уметничката галерија.**



ДАУТ-ПАШИНИОТ АМАМ

**Како што е познато, поради нагризеноста од „забот на времето" во 1977 година почна реновирањето на зградата на Даут — пашиниот амам и во почетокот се предвидуваше дека работите ќе бидат завршени за седум — осум месеци. Најпрвин се пристапи кон климатизација на овој објект што потекнува од средината на петнаесеттиот век, како и кон реновирање на електриката со обезбедување на потребната илуминација со специјални рефлектори. Во меѓувреме, како императив се наметна и потребата од целосно реновирање и на ентериерот поради што дојде до уште понепожелно пролонгирање на реновирањето на објектот.**

Колкава е загубата за скопскиот ликовен живот поради привременото (но веќе тригодишно) сопирање на изложбената дејност на Уметничката галерија најдобро ќе го илустрираме со следниве неколку податоци: Галеријата годишно приредува од петнаесет до дваесет самостојни, групни и репрезентативни изложби како со творби од современи македонски автори така и со дела од ликовни уметници од сите југословенски републики и покраини; потоа, Галеријата има повеќе колекции од кои секако најзначајна е Колекцијата на македонската ликовна уметност која е најбогата, најпозната и најдобра (опфаќа над 1.000 експонати) и може да се рече дека Галеријата е речиси единствената ликовна институција во СРМ која може најадекватно да ја претстави современата македонска ликовна уметност; Галеријата има и исклучителна колекција на творби од современи југословенски автори, како и Колекција на икони од кои најмалку 50 се од непроценлива вредност. Во изминативе три години иконите се сместени во Археолошкиот музеј, а дел од сликите се сместени во Музејот на современата уметност и во Музејот на град Скопје (каде што е привремено сместена и стручната служба на Галеријата) но, се разбира, во услови што ни оддалеку не се на потребното ниво.

**На крајот ќе го нагласиме и тоа дека изложбите на Уметничката галерија во Даут — пашиниот амам во Скопје отсекогаш биле мошне многу посетувани како од љубителите на ликовната уметност од Скопје и Републиката, така и од многубројните љубители на уметноста од земјата и странство. Секоја изложба во Даут—пашиниот амам по традиција претставуваше вистинско ликовно доживување и токму затоа секакво пролонгирање на реновирањето на Даут—пашиниот амам претставува пролонгирање на ликовната замреност во главниот град на нашата Република.**

**Вчера од дирекцијата на Уметничката галерија добивме една охрабрувачка вест: Даут—пашиниот амам кон половината на март 1981 година повторно за посетителите ќе ја отвори својата средновековна порта.**

**Т. Ширилов**